СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

MEMBER OF
fdi
FDI World Dental Federation

**Бр. 02-832/4**

Скопје, 21.08.2021 година

Врз основа на член 27 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија *(Сл.весник на РСМ бр. 118/2021),* Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија на својата **22-ра седница**, одржана на **ден 21.08.2021 година,** ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за промена на базата на прашања за стручни испити и нов софтвер за спроведување на практичниот дел од стручниот испит за здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата

**Член 1**

**Се менува Базата на испитни прашања за полагање на стручниот испит** на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата, а **ќе започне да се применува од априлската испитна сесија 2022 година**, кога ќе започне да се применува и **новиот софтвер** за спроведување на практичниот дел од стручниот испит за здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата.

**Член 2**

Базата на испитни прашања за полагање на стручниот испит на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата **да се објави на веб-страната на Комората на ден 01.09.2021** година, и тоа сите прашања од сите области, заедно со можните, но и точните одговори.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а **ќе започне да се применува од априлската испитна сесија 2022 година**.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ИЗВРШЕН ОДБОР,**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË * SHKUP * СКОПЈЕ